РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-3609/2
25-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12 - 3609/1 од 28.09.2021 година за прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што предметните наводи во случајот не се потврдени.

Предметот со број 12 - 3609 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител ----------- од ----------------, на ден 28.09.2021 година, поднесена е пријава - приговор за прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и оформен е предмет број 12-3609 од 2021 година.

Во приговорот се содржани наводи дека на пријавителот му било врачено Решение за откажување на договор за вработување без отказен рок со бр. --------/--- од ----------.2021 година од страна на ----------------- во својство на директор на --------- – ----------, каде што пријавителот извршувал работни обврски на работното место Раководител на сектор за општи и правни работи и човечки ресурси, со што смета дека е направено прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина дека истото е донесено во време на изборен процес.

Имено, како што е наведено во Решението, а по претходно спроведена постапка со мерка суспензија во текот на 2019 година, како и по Пресуда од Основниот суд – ------- со бр. К----/-- од ------ година, која била потврдена и од страна Апелационен суд во ---- КЖ.бр. ----/---- од ------ година, со кои што пријавителот бил осуден за кривично дело од кривичните дела против службена должност, му се откажува договорот за вработување на неопределено време согласно одредбите од Законот за административни службеници.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По доставена жалба од страна на пријавителот до Агенцијата за администрација, а од причина што во период по донесувањето на Решение за распишување на избори (Сл. Весник бр. 185/2021 од 06.08.2021 година) постапките за одлучување се ставени во мирување, од страна на Агенцијата за администрација донесен е Заклучок за мирување на постапката, а истиот пријавителот го доставил во прилог на пријавата до ДКСК.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот се работи за посочено и приложено Решение за откажување на договорот за вработување без отказен рок, кое е заведено со датум 03.08.2021 година, кој датум е пред донесувањето на Решение за распишување на избори (Сл. Весник бр. 185/2021 од 06.08.2021 година), по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и дека во случајот не се потврдени наводите за сторена повреда на член 8 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и чл.34 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
-Подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З, Советник